## НЕЗАВИСНО СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ

# СЛОБОДЕН ИНДЕКС

(памфлет)




sloboden.indeks@gmail.com
www.slobodenindeks.tk
(v.6)

# СОДРЖИНА


За што се залага Слободен Индекс? ........................................ 2

Како настана Слободен Индекс? ........................................ 3

Каква е структурата на Слободен Индекс? ........................................ 3

Македонија има прескап образовен систем ........................................ 4

Што е тоа „директна демократија“ ? ........................................ 5

Што е тоа „Пленум“ ? ........................................ 5

Нешто е труло во Студентскиот Парламент... ........................................ 6

Партизираноста во образовниот систем ........................................ 7

Подобри услови за студирање ........................................ 8

Студентските домови и нивната хорор приказна ........................................ 9

ЕКТС го осакати образованието во земјава? ........................................ 11

Моќта на студентите ........................................ 12

Ние не сме сами! ........................................ 14

Будење на критичката мисла ........................................ 15

**СЛОБОДЕН ИНДЕКС е партиски и финансиски независно студентско движење во кое група студенти од државните факултети се борат за подобрување на стандардот на образовниот систем.**

## За што се залага Слободен Индекс?

- **УКИНУВАЊЕ НА ПАРТИЦИПАЦИЈАТА ВО ДРЖАВНАТА КВОТА**, како прв чекор кон **БЕСПЛАТНО ЈАВНО ОБРАЗОВАНИЕ**, односно целосно субвенционирано од државниот буџет, бидејќи сите плаќаме даноци од кои се полни буџетот, а тој по правило служи за финансирање на општите, јавни добра, а јавното високо образование е едно такво општо добро.

- **НОВ СИСТЕМ НА СТУДЕНТСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ**, по пат на **ПЛЕНУМ** кој се базира на т.н. „директна демократија“, во кој секој студент ќе може да учествува во носењето одлуки и ковањето на сопствената студентска судбина, наспроти сегашниот СТУДЕНТСКИ ПАРЛАМЕНТ со сомнителна легитимност, кој се богати на грбот на студентите, незаинтересиран да ги брани нивните права.

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА СТУДИРАЊЕ**: слободен простор за организирање разни студентски активности (трибини, презентации, настани); изградба на нови и реновирање на старите студентски домови како и подигнување на хигиенски стандарди во истите; намалување на бирократијата на Универзитетите; стоп на корупцијата и непотизмот кај наставниот кадар...

## Како настана Слободен Индекс?

Слободен Индекс настана во почетокот на 2009 година, кога состојбата со нарушената слобода на изразување кулминираше со затворањето на студентското радио. Група студенти се собраа и одлучија да покренат иницијатива за студентско движење кое ќе се бори против неправдите во образовниот систем и кое ќе се залага за едно поквалитетно и подостапно образование. Тие го организираа првиот протест во мај 2009 година за подобрување на стандардот на образование. Идејата се рашири и меѓу студентите од другите факултети и се создаде едно малубројно, но храбро движење кое е одлучно во остварувањето на своите барања.

## Каква е структурата на Слободен Индекс?

Слободен Индекс се одликува со т.н. хоризонтална организација, што значи дека немаме лидери, претседатели или било каква хиерархиска пирамида, туку секој има подеднакво право на глас и носи подеднакво голема одговорност во однос на дејностите на движењето. Сите идеи се презентираат и сите одлуки се донесуваат на неделните состаноци, на кои може да дојде и да присуствува секој кој ја дели каузата, без оглед на неговата возраст, академски статус, етничка припадност, вероисповед, потекло или сексуална ориентација. Единствената група луѓе која не е добредојдена на состаноците се припадниците на политички партии, поради опасност да го злоупотребат движењето за остварување на партиски цели. Слободен Индекс не е регистрирано здружение, па според тоа нема официјални членови, ниту наплаќа месечна членарина. Движењето е самофинансирано, средствата доаѓаат од нашите џебови и од fundraiser свирки кои повремено ги одржуваме.

## Македонија има прескап образовен систем

Во однос на својот животен стандард, Република Македонија се одликува со еден од најскапите образовни системи во цела Европа. Должност на секоја влада е да ги субвенционира студиите на државните факултети, но кај нас тоа не е случај. Најголемиот апсурд е што од 2003 година наваму дури и државната квота, која по дефиниција треба да ја покрива државниот буџет, се наплаќа во просек по 200 евра годишно. Цените на квотите со ко-финансирање се прескапи за просечната плата на еден граѓанин на оваа земја; иако во 2009 година се постави фиксна цена од 400 евра на секој факултет, со тоа само се зголемија давачките на студентите, бидејќи намалувањето на партиципацијата во приватната квота падна на грбот на Универзитетот, кој за да успее да ги покрие изгубените трошоци, почна да воведува нови давачки за студентите, како на пример поскапување на цената за постдипломски студии или воведување на најразлични фиктивни трошоци при упис на секоја академска година.

### *Кое е решението?*

Владата на Р. Македонија мора да си ја реформира листата на приоритети и да почне да одвојува поголем процент од државниот буџет за образованието. Срамно е за една земја да одвојува повеќе пари за американските војни за нафта, отколку за својот образовен систем! Фактичката ситуација е таква што најголем дел од факултетските трошоци паѓаат на грбот на самите универзитети, кои принудени да најдат начин да ги покријат сите трошоци, посегнуваат дополнително по џебот на студентите. Кога Владата би субвенционирала поголем дел од давачките за образование, тогаш студиите би биле подостапни за сите, а не само за оние кои имаат да платат.

Ние не измислуваме топла вода. Во цела Скандинавија и голем дел од западна Европа државното образование е целосно покриено од државата, со исклучок на ситни административни трошоци што ги плаќаат студентите. Дури и на Балканот, на пример во Србија и Грција, државните квоти се бесплатни, а приватните многу поефтини. Сите овие земји, особено западните, имаат далеку повисок стандард на живеење отколку кај нас.

## Што е тоа „директна демократија“ ?

Директна демократија е принцип по кој сите засегнати имаат право да се вклучат во носењето на одлуките кои ги засегаат. Наспроти неа, е „претставничката демократија“, која подразбира избирање на претставници кои ги застапуваат, по правило, интересите на оние кои ги избрале, а всушност, досега многу пати се докажало во пракса дека таквите избраници застапуваат или свои лични интереси или оние на партијата на која припаѓаат. При избирање на такви претставници, народот се откажува и им ја предава моќта на одлучување на тие малкумина привилегирани луѓе, кои најчесто ја злоупотребуваат таа моќ за да ја задржат власта која им е доделена и привилегиите кои доаѓаат со неа, залажувајќи ги оние кои ги избрале дека само тој е единствениот пат кон подобро утре.

За разлика од претставничката демократија, директната демократија им овозможува на луѓето слободно да се вклучат и да влијаат врз носењето на одлуки кои ги засегаат, да го дадат својот придонес при решавањето на некој проблем.

## Што е тоа „Пленум“ ?

Пленум е форма на носење одлуки по принципот на директна демократија.

*Како би функционирало?*

Денес, како и во последните 20 години, сите одлуки кои се однесуваат на студентите ги носи Студентскиот Парламент, поранешен Студентски Сојуз, кој се состои од мала група привилегирани студенти кои ја имаат моќта да одлучуваат за над 30.000 студентски судбини само на УКИМ.

Секој студент има право по своја желба да учествува во оформувањето на својот студентски живот, и со воведувањето на Пленумот наместо студентскиот парламент, тоа право ќе му биде остварено. Во таков систем не би постоел студентски претседател или тело од затворен тип кое го монополизира студентското движење, туку на секој факултет неколку пати месечно (зависно од потребите) би се одржувале состаноци, на кои ќе може да учествува секој студент. На секој состанок ќе се избира по еден т.н. делегат кој потоа ќе ги пренесе одлуките донесени на Пленумот на неговиот факултет, на ниво на Универзитет, каде ќе има по еден делегат од Пленумите на секој факултет, а тие делегати би се менувале секој месец, со цел секој студент да има можност да биде делегат. Кога се работи за одлуки кои ги засегаат студентите од целиот Универзитет, делегатот

исто така ќе го пренесе и бројот на гласовите за тие одлуки, со што сечиј глас би важел подеднакво во крајните одлуки на ниво на Универзитет. Така ќе се оствари правото на глас на секој студент, но и автономијата на Универзитетот ќе се заштити од влијанијата на државната власт.

## Нешто е труло во Студентскиот Парламент...

Повеќето од вас, обичните смртници-студенти, веројатно воопшто не ни чуле за постоењето на Студентскиот Парламент, и тоа е сосема разбирливо. На хартија, Студентскиот Парламент (СПУКМ) е единствен легитимен претставник и застапник на студентите кој постои за да ги штити студентските права и интереси. Но во пракса, реалноста е поинаква.

СПУКМ, порано наречен Студентски Сојуз, во историјата датира уште од времето на СФР Југославија, кога тогашниот лидер го осмислил овој концепт за да ги контролира бунтовите на студентите давајќи им функции и привилегии. Денес, само со поинакво име, оваа инаку „невладина“ организација уште од осамостојувањето на републиката постои како инструмент преку кој власта индиректно врши влијание врз одлуките на Универзитетот, бидејќи автономијата на Универзитетот ја спречува тоа да го прави директно.
Владите се менуваат, а со тоа и претседателите на СПУКМ, но валканата игра останува иста. СПУКМ со години држи монопол врз студентското организирање и има моќ врз илјадници студенти, притоа богатејќи се од џебот на студентите преку принудни членарини и слични апсурдни трошоци.

Некој веројатно мисли дека студентите се слепи и дека не гледаат дека ниеден претседател на Студентскиот Парламент не бил изгласан со излезеност од повеќе од 20%, или дека дури и државата го заштитува ова наводно невладино здружение, носејќи закони во кои експлицитно се наведува дека е единствено легитимно тело кое има право да учествува во носењето одлуки на Универзитетот. Што се случи со плурализмот? Какви се овие тоталитаристички закони?

СПУКМ има свои ограноци, локални парламенти на секој факултет, чии членови никој не знае како се одбрани, кој ги изгласал, што прават овде и како точно ги штитат студентските права. Некои од овие локални парламенти се карактеризираат и со т.н. фантомска појава, односно многумина чуле за нив, но никој не ги видел, ниту може да ги најде ако сака да им се обрати.

Особена мистерија е каде одат сите тие пари кои студентите ги двојат за СПУКМ против своја волја. Само од уплатницата за задолжителната членарина која ја плаќавме се` до септември 2010 (кога реакцијата на Слободен Индекс ги заплаши факултетите и нивниот криминал), СПУКМ годишно добиваше прилив од над 100.000 евра. Оваа мистерија веројатно долго ќе остане неодгатната, бидејќи со статусот „невладина организација“, Парламентот е заштитен од секој закон со кој може да се влезе во нивните финансиски извештаи или да се побара отчет, бидејќи тоа би се протолкувало како „мешање на владиниот сектор во невладиниот“.

Но владиниот сектор одамна е вмешан во оваа замрсена игра, и секоја партија што досега била на власт многу добро го знае тоа. Поради партиската вмешаност највеќе страдаат студентите од студентските домови, а директно се нарушува и автономијата на Универзитетот, кој прашање е дали воопшто е автономен, со толку многу задкулисни влијанија од надвор.

Ние студентите сме свесни дека борбата за ново студентско организирање без вакви партиски организации ќе биде долга и тешка, бидејќи во задкулисната игра членовите на СПУКМ се само корисен инструмент; вистинската борба ќе треба да се води со сите моќни институции инволвирани во ова, почнувајќи од самите факултети, преку Универзитетот, па се до самата власт.

## Партизираноста во образовниот систем

Факт е дека Универзитетот Кирил и Методиј се соочува со сериозна закана по неговата автономија. Многу од проблемите на Универзитетот потекнуваат токму од партизираноста на оваа држава, која е навлезена во секоја клетка на нашето секојдневие и која меша прсти во секој домен, вклучувајќи го тука и образованието.

Неспособен кадар на факултетите, вработен по принципот на партиска книшка, додека стотици способни магистри и дипломци пребегнаа по приватните факултети за да ги остварат своите капацитети. Нови закони му предвидуваат на ректорот повеќе моќ врз одлуките. Непотизам и корумпираност, именување свои луѓе на раководни позиции, издејствување отказ поради искажан став, финансиска уцена на професорите, студентски парламент кој ќе влијае врз одлуките... Власта мора да престане да ја загрозува автономијата на Универзитетот и со тоа да ја ограничува слободата на студентите!

Ова не е обид да ја поткопаме репутацијата на Универзитетот, напротив: се обидуваме да ги поттикнеме вработените да се изборат за својата автономија и да застанат на страната на студентите во борбата против ваквиот систем! Последен удар по автономијата беше намалувањето на приватната квота на грб на универзитетите, а тие молчеа на таквата одлука.
Каде се професорите да излезат и јавно да го поддржат движењето? Во темните ходници на факултетите, каде никој не гледа, често пати ќе не потапшаат по рамо и ќе ниречат: „само напред". Но каде се да застанат зад нас пред очите на јавноста и да го зајакнат со нивното влијание студентското движење? За жал, очигледно повеќето понизно молчат пред будното око на нивната „матична" партија, а на оние неопределените подрага им е високата плата и убавата позиција, отколку истата да ја загрозат ако се осмелат да се побунат.

Синдромот „наведната глава сабја не ја сече" доволно го узурпираше македонскиот народ. Сега е време да го кренеме својот глас, заедно со нашите родители и професори!

Не сакаме партизирана држава! Сакаме слободен образовен систем, сакаме правда!!!

## Подобри услови за студирање

Во оваа земја, академската младина, иднината на Македонија, очигледно не спаѓа во приоритетните групи на граѓани. Условите во кои е принуден да студира македонскиот студент не и доликуваат на една интелектуална младина која треба да е двигател на ова општество.

Студентите на природно-математичките факултети работат во неснабдени и небезбедни лаборатории. Студентите на техничките факултети ни одблизу ја немаат потребната опрема. Најголем проблем на секој факултет се чини дека се просториите. Некои факултети имаат капацитет едвај за третина од вкупниот број студенти. Ниеден факултет не обезбедува практична настава. Има недостаток и од наставен кадар; 300 студенти тешко дека можат заедно да следат предавање кај еден професор.

Сакаме основни услови за студирање! Во повеќето земји студентите уживаат привилегии: бесплатен превоз, ефтина храна, културно-спортски живот, помош при вработување... Овде студентите се загрозена категорија!

## Студентските домови и нивната хорор приказна

Студентските домови во Скопје се приказна сама за себе. Студентите кои живеат таму поради недостаток на средства да си обезбедат приватно сместување, се најзагрозената група студенти во земјава. Цените за месечен престој се ниски, но на сметка на тоа условите се стравотни: педесетина луѓе делат ист тоалет на еден кат, во собите се сместени по тројца, па и четворица студенти при што нема никакви услови за учење, храната е на срамно ниско ниво, немаат библиотеки или читални каде би се сконцентрирале за да учат, колонијалните продавнички се неснабдени, ѕидовите со влага, вратите и прозорците пред распад, а жителите на домовите, навикнати на ваквиот живот, креваат рамења и задоволни се што успеале макар и ова да си го дозволат.

Ниеден студент не смее да се задоволува со услови полоши од затворските!
Во домот „Стив Наумов“, кој располага со рекорден број од над 2000 легла, ситуацијата е особено алармантна: веќе две години студентите чекајќи да се реновира машката зграда, живеат во руинирани бараки без врати, прозорци и тоалети.

Да биде работата потрагична, ако сакаат пристап до сите овие „ексклузивни“ услуги, студентите мора да потпишат пристапница за политичката партија која во дадениот момент е на власт, а потоа да му слугуваат на Студентскиот Парламент секој пат кога треба да се лепат плакати, да се делат флаери итн.

Нештата се особено црни во источниот дел на Македонија, каде граѓаните статистички се во најлоша финансиска состојба и каде немајќи избор пристапуваат кон која и да е партија која ќе им обезбеди работа за да се нахранат или ќе им вети легло за нивното дете во студентски дом. Па така секој помал град од внатрешноста „припаѓа“ на некоја партија, која на сметка на немаштијата се збогатува со принудени гласачи.

Зошто студентите од домовите молчат?

Затоа што рацете им се врзани. Затоа што ако излезат да се бунат ќе го изгубат и она легло кое го стекнале, зошто можеби во родниот град нивниот родител ќе ја изгуби работата. Пред протестот во октомври 2009, кој го организираше Слободен Индекс, група студенти признаа дека им доаѓале од соба до соба со закани дека ако излезат на протестот, подобро да си бараат ново живеалиште.

Ваквата тиранија мора да престане! Не смее да се профитира на беспарицата и невработеноста. Ако еден студент се побуни, можеби ќе го изгуби леглото. Но ако се кренат сите заедно, никој не ќе им може ништо!

---

*Прво ќе те игнорираат, потоа ќе ти се смејат, потоа ќе се борат со тебе, и на крај ќе победиш.* – М. Ганди

*Поединецот секогаш мора да се бори за да не биде надвладеан од мнозинството. Ако се обидеш, често ќе бидеш осамен, и понекогаш исплашен. Но ниедна цена не е превисока за привилегијата да се поседуваш себеси.* – Ф. Ниче

***Сѐ** што е потребно за триумфот на злото е добрите луѓе да не прават ништо!* – Е. Бурк

## ЕКТС го осакати образованието во земјава?

Република Македонија ја потпиша Болоњската Декларација во 2003 година, кога ЕКТ системот официјално започна да се практицира на државните факултети. Но оттогаш квалитетот на нашето образование рапидно опаѓа, и последиците допрва ќе бидат видливи.

Насекаде низ светот во последните неколку години, студентските движења активно протестираат против ЕКТ системот, и особено против неговата имплементација. Во што е проблемот?

Болоњската Декларација е во суштина еден краток и сосем општ документ, кој им остава на факултетите преголема слобода за тоа како истиот да го имплементираат. Резултатот е што секој факултет го спроведува ЕКТС различно, некаде постои комбинација од стариот и новиот систем, а некаде поимот за ваквиот систем предизвикува хаос и после толку години од неговото воведување.

Во светот студентите се кренаа против ЕКТС бидејќи во суштина таквиот систем се стреми да произведе граѓани способни за придонес кон профитирањето на пазарот на труд, од што најголем ќар ќе имаат големите производствени сили. Ако до пред десетина години универзитетот се стремеше да оформи интелектуална и критичка академска младина, сега постојано се обидува да го приспособи студентот на пазарот на труд, создавајќи од него профитабилна машина.

Кај нас ваквиот систем најлоши последици покажа во квалитетот на образование, пред се поради буквалното толкување на ЕКТС начелата. Па професорите наместо труд и знаење, почнаа да оценуваат присуство, активност и домашни, а факултетите од места каде младите интелектуално растат, прераснаа во места кои штампаат дипломи како награда за покажаното знаење на ниво на осмолетка. Резултатот допрва ќе се покаже катастрофален: последниве години од факултетите излегоа илјадници неспособни и нестручни дипломци, кои треба да се иднината на земјата. Ваквата олеснета настава резултира со генерации неписмени студенти, меѓу кои многумина еден ден ќе добијат високи функции, или дури и ќе ја водат државава.

## Моќта на студентите

Во секое општество, студентите се движечка сила, темел и двигател на општеството. Тие уживаат повеќе моќ и во себе имаат повеќе потенцијал отколку што можат да замислат. Во текот на историјата, студентите биле оние кои дејствувале промени, кои не се плашеле да се спротистават, кои менувале влади и ништеле системи на владеење. Студентите секогаш биле оние кои покренувале иницијатива, за потоа да им се приклучат останатите граѓани, работниците, професорите, родителите. Ние денес тешко дека ќе ги уживавме овие слободи ако не беа случувањата од мај 1968 година, кога студенти низ целиот свет истовремено се кренаа на бунт против тиранијата на нивните држави. Тие протести насекаде беа масовни и многу од нив резултираа со човечки жртви. Но тие не се плашеа! Иако времињата беа построги од денес, иако стапот беше на власт, иако постоеше ризик по нивните животи, тие храбро маршираа на улиците извикувајќи ги своите барања, окупираа универзитети, палеа знамиња и водеа крвави битки со државната полиција.

Некои од тие студенти изгубија многу за да обезбедат удобен живот за наредните генерации. Каде е таквиот дух денес? Зошто студентската маса е под толкава контрола?

*Се викам Пол. Се презивам Трон.*
*Имам и неколку алтернативни имиња. Можете да ме најдете и како број на индекс, висок просек, статистички податок, партиски член, како и во учебниците ставен под точката: На пример. Мора да ме познавате. Јас сум алфа и омега, основната клетка на секоја високообразовна институција, одликуван миленик на општеството... Не ви звучи познато?*
*Тоа е зашто од неодамна го променив името. Пред тоа се викав Сту...дент.*
*Бев многу проблематичен. Воден од фикс идеи за револуција. Пријавував корумпирани професори. Организирав демонстрации. Менував влади. Еднаш, лето господово шеесет и осмо, во Прага, под псевдонимот Јан Палах се самозапалив во знак на протест. Бев дел од сите политички случувања на*

*дваесеттиот век. Присутен на сите протести од САД до Кина. Имав досие со големина на четири континенти.*
*Низ сеќавањата најдлабоко ми се врежани бесконечни полициски кордони, штитови и пендреци. Најмногу ќотек. Пробуваа да ме сотрат. Ме апсеа и убиваа.*
*И пак, како клетва и како пиреј се враќав за да ги исправам нЃеправдите во системите, бев Калимеро во прекалените политички општества и пак јуришав на ура.*
*Размислував. ^итав за да се образувам. Анархистичка литература, философија, француски реализам и стрипови. Имав свои херои и антихерои. Знаев да го најдам дефектот во секое управување, оти ја имав формулата за Утопија и гинев за да ја добијам. Злите јазици ме нарекуваа трн во око, црна овца, ЏЕЛАТ НА ВЛАСТА.*
*Сега ме препознавате ли?*
*Станав оној кој сум денес постепено. Мојата трансформација започна кога се откажав од самообразувањето и почнав да учам исклучиво од авторитетите. Сепак се авторитети, нели?*
*И чудесно, од Студент-џелат на власта, се претворив во полу-писмениот студент.*
*Ме убедија дека најдобро за мене ќе биде егзекутирање на мојата автономна волја. Се согласив. Оставив старата искусна фела да мисли за мене, оти искрено од мислење ме болеше глава, а богами и коски, ребра и бубрези.*
*И како крај на мојата промена,како ослободување од бремето на моето минато, добив целосно нов идентитет.*
*Ми го избришаа досието и ми дадоа ново име.*
*Сега сум ПОЛТРОН, општественото милениче. И убаво ми е.*
*Пред тоа бев проблематичниот, вечно беден и гладен, бунтовен СТУДЕНТ.*
*Само една работа ме мачи: ќе ми го познае ли некој гробот за да фрли рака земја и да пушти некоја солза, кога после 100 години живот како* ***Студент****, ќе умрам како* ***Полтрон****?*

*автор: Наталија Крстова*

---

## Ние не сме сами!

Комерцијализацијата на образованието на глобално ниво, која зема замав последниве години, испровоцира бројни студентски протести низ светот, организирани од независни студентски движења во многу земји. Овие движења (вклучувајќи го и Слободен Индекс) дејствуваат под заедничкото име International Student Movement (Меѓународно студентско движење) и со меѓусебна координација организираат студентски протести и други акции во секој агол од планетата: Италија, Полска, Сиера Леоне, САД, Франција, Косово, Германија, Србија, Индија, Грција, Украина, Велика Британија, Австрија, Индонезија, Филипини, Венецуела... Околу 17 Ноември, Интернационалниот ден на Студентите, се организираат координирани акции во сите овие земји.

Слободен Индекс соработува со студентското движење од Србија, од кое неодамна примивме писмо за поддршка.

Студентите се секаде исти, проблемите се секаде бројни! Знаењето не познава нации. Светската младина сака подобро образование. Затоа е важно да се солидаризираме со нашите колеги ширум светот!

## Будење на критичката мисла

Македонија е земја во која нивото на критичка свест е засрамувачки ниско. Владее апатија, песимизам, и сето тоа е разбирливо за народ кој трпи трауми од петвековно ропство, од грабања, од окупирања и од терор. Но таквите времиња се минато! И македонскиот народ мора да стави крај на традицијата водена од максимата „*молчи и трпи*“! Мора да престанеме да се плашиме и да зависиме од политичките партии! Време е да се заземеме за себеси. Време е да поднесеме мала жртва во име на подобро општество со подобар образовен систем. Ова е за доброто на сите нас и секој е засегнат. Образованието ја прави иднината на државата. Ако сега кренеме глас, генерации после нас ќе уживаат подобро образование! Зарем не сте уморни од неправдите? Зарем не ве јаде совеста кога, свесни за она што се случува, вие сепак седите удобно во својата фотелја без да преземете ништо?!

Студенти, ние ја имаме моќта. Ние можеме да издејствуваме секаква промена. Но за такво нешто треба масовност. Обврска е на секој еден од вас да земе учество во кроењето на сопствената студентска судбина и да се солидаризира со своите колеги во борбата за подобар образовен систем.

**Дојдете независно да се бориме за нашите студентски права! СЛОБОДЕН ИНДЕКС јавно плука по власта, опозицијата и сите останати политички партии, кои само штета му нанесоа на нашиот образовен систем и го оковаа нашето општество!**

Активирајте се!

Зарем не ви е преку индексот?!

**ДОСТА БЕШЕ МОЛК!!!**



Секој кој ја дели оваа кауза и сака да придонесе во борбата, може да нè контактира на:
sloboden.indeks@gmail.com или на веб-сајтот: www.slobodenindeks.tk